СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 21 број 5	Чешиново-Облешево 25.03.2025 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за финансиска помош на семејствата на жртвите од пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани, жители на општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за финансиска помош на семејствата на жртвите од пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани, жители на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.03.2025 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-716/1
24.03.2025 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/15 и 7/19), Советот на општина Чешиново-Облешево на првата вонредна седница одржана на ден 19.03.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за финансиска помош на семејствата на жртвите од пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани, жители на општина Чешиново-Облешево

Член 1

Се одобруват 80.000,00 денари (осумдесет илјади денари) од сметката на тековни резерви како финансиска помош на семејствата на жртвите од пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани кој се случи на 16.03.2025 година, жители на општина Чешиново-Облешево.

Средствата да се распределат сразмерно на сите семејства погодени од трагедијата.

Член 2

Советот на општина Чешиново-Облешево еден месечен паушал ќе го донира на семејтвата, во ист сразмер за сите.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-7151/1
24.03.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за финансиска помош на семејствата на жртвите од пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани, жители на општина Чешиново-Облешево..... 1

2. ОДЛУКА за финансиска помош на семејствата на жртвите од пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани, жители на општина Чешиново-Облешево..... 1